**ЗАПИСНИК**
**од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 18.03.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.03.2022 година.
2. Нацрт-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.
3. Предлог за изрекување мерка на операторот АЛТРА - САТ од Охрид за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка на ТВ ДУЕ за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Одржување на софтвер на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.03.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година. Објасни дека во него се содржани сите активности што минатата година се презедоа во насока на остварување на надлежностите на Агенцијата во кои што целосно беше вклучен и Советот. Очекува дискусијата да биде во насока доколку нешто е изоставено да биде дополнето и доколку на некоја активност не и е дадено соодветно значење да биде проширена. Наведе дека документот што денес го разгледува Советот е Нацрт верзијата на Извештајот за работа на Агенцијата за 2021 година, којшто по неговото конечно усвојување на некоја од наредните седници, а најдоцна до 31 март, треба да се достави во Собранието. Една од најзначајните активности на Агенцијата во 2021 година беше мониторингот врз медиумското известување на радиодифузерите на Локалните избори кој започна веднаш по распишувањето на изборите. Потоа стандардно во текот на 2021-та година се вршени надзори над радиодифузерите. Станува збор за повеќе од 200 надзори, кои во Извештајот се подредени според месецот во кој се спроведоа. За да се обезбеди поголема транспарентност на сопственоста на радиодифузерите, покрај тоа што редовно се ажурираа податоците на веб страницата, се изработи и објави Анализа на медиумската сопственост, во која се претставени податоците и за крајните сопственици на радиодифузерите. Оваа година профункционира и Регистарот на вистински сопственици што го води Централниот регистар, па регулаторот направи проверка на податоците во овој регистар со нејзините податоци, при што несовпаѓање имаше кај само една локална радиостаница, а кај сите други телевизии и радија како вистински сопственици беа впишани лицата коишто фигурираат и кај нас. Во 2021 година Агенцијата донесе вкупно десет Одлуки со кои одобри да се спроведе промена на сопственоста на радиодифузери, а беа покренати и две постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација. И оваа година АВМУ ја предводеше организацијата на Деновите на медиумската писменост, кои се одржаа во периодот од 22 ноември до 2 декември. Ова издание, трето досега, беше посветено на децата и младите. Во рамки на деновите беа реализирани над 20 онлајн или хибридни настани. Агенцијата беше активна и во поглед на родовите прашања, и тоа како преку анализите на третманот на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во медиумските програми, така и преку своето учество во изработката и оценувањето на стратешките документи и во други активности. Во извештајната година беше доделена само една дозвола и тоа за радио емитување на локално ниво. Над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи се спроведоа вкупно 98 надзори, над давателите на аудиовизуелни услуги по барање 7, а над издавачите на печатени медиуми 13 надзори. На операторите им се издадоа вкупно 347 потврди за регистрација на програмски пакети. Врз основа на констатираните прекршувања со сите спроведени надзори, Агенцијата изрече 65 мерки, од кои 51 јавна опомена, 4 прекршочни постапки, две Одлуки за одземање на дозволата и пет решенија за бришење од регистарот. Во прилог на извештајот се содржани детални податоци за секоја од овие 65 изречени мерки. И оваа година Агенцијата изработи неколку анализи, истражувања и студии за различни аспекти на работењето на радиодифузерите. Покрај тоа, Агенцијата учествуваше и во работата на неколку работни групи и изготвуваше материјали за изработка на стратешки документи на државата, како и во подготовката на одговори и придонеси кон извештаи што државата требаше да ги поднесе до меѓународни организации или на извештаи од институции за спроведување на нивните

стратешки документи. Поради се`уште актуелната пандемија со Корона вирусот, меѓународната соработка на Агенцијата, на билатерално ниво и во рамки на мултилатералните проекти и организации, најчесто се одвиваше онлајн, а претставниците на Агенцијата активно учествуваа во работата на меѓународните регулаторни платформи, групи и организации. Составен дел на овој Извештај се и Извештајот за реализација на Планот за програмски надзор и Извештајот за реализација на Финансискиот план за 2021 година. Како што рече, ова е Нацрт-верзија на Извештајот, и доколку Советот има одредени коментари и забелешки, да ги достави навреме и во писмена форма за да можат соодветно да бидат имплементирани во финалната верзија. Наведе дека финалната верзија на документот ќе се усвојува на 28 март.

Г-дин Петрушевски рече дека целосно го прочитал Извештајот и како што рече најкратко со два збора би ги опишал како детален и квалитетен. Објасни дека неговата дискусија нема да се однесува за самиот Извештај туку во насока на работата на Агенцијата, односно на некои поенти кои ги извадил од нацрт-документот. Во однос на Локалните избори 2021, во мониторингот стои една реченица дека „нема прекршување кај ниту еден радиодифузер". Ова е многу позитивно и континуирано се случува последниве години што значи дека радиодифузерите кои Агенцијата ги покрива согласно нејзините надлежности, работат се подобро и подобро. Она што е негативно се измените во регулативата во делот за платено политичко рекламирање непосредно или во текот на изборниот процес, што претставува проблем за радиодифузерите. Знае дека ова е надлежност на Собранието, но сепак си дозволува да има свој став дека Собранието не треба тоа да го прави. Трета констатација е дека реално како што е направен Изборниот законик ППР не обезбедува еднакви или фер услови за пристап до медиумите на сите учесници, туку ги фаворизира 4-те најголеми политички партии. Ова е негативно, и треба да соберат сила политичките субјекти Изборниот законик да го сменат доколку сакаат. Другата констатација е дека во однос на ППР тие како Совет и како Агенција имаа притисок од политички субјекти поточно од партијата Левица и смета дека тој притисок повеќе беше во насока да си направат реклама сами на себе отколку реално одраз на тоа дека Советот и Агенцијата нешто погрешиле во Упатството за ППР, кое Упатство се користи неколку години station наназад со истите атрибути, со истите параметри со цел да бидат правично застапени сите политички субјекти. Во поглед на медиумската писменост се повторува секоја година да има континуирано позитивни резултати кои детално се наведени во Извештајот во кој значаен број на страници се доделени на оваа тема. Во поглед на слободата на изразување на медиумите како една од главните работи на Агенцијата и Советот, се гледа дека има значајни резултати кои конкретно се наведени како активности што се преземени во таа насока. Меѓународната соработка иако отежната поради пандемијата со Ковид 19, одржувана е онлајн и е многу обемна. Во таа насока ја пофали работата на службата односно сите оние кои учествувале на настаните вклучувајќи ги и членовите на Советот. Во врска со транспарентноста во работењето и комуникацијата со јавноста рече дека е одлична, како што и секогаш била.

Г-дин Ајдини рече дека минатата година претседателот на Советот г-дин Петрушевски за Извештајот за 2020 година имаше забелешка во однос на воведот, односно се бараше да содржи најмалку 3 страници. Во овој документ воведот е и повеќе од 3 страници што е добро бидејќи така се дава слика дека е добро, сериозно и доста обемно сработено со околу 148 страни. Видливо е дека АВМУ работела со полн

капацитет и се опфатени најзначајните активности во кои активно учество земаа и членовите на Советот и се информирани во целост за сите одлуки. Наведе дека во оваа фаза за Нацрт верзијата нема забелешки но останува понатаму како можност во финалната верзија да достави предлози во писмена или електронска форма.

Г-дин Фиданоски рече дека немал намера да се јави за дискусија но бил поттикнат од претходните двајца членови на Советот. Во врска со воведот на Извештајот рече дека од една претходна дискусија стоеше како забелешка дека кога Извештајот се брани во Собрание пратениците најчесто го читаат само воведот и затоа беше побарано да биде пообемен за да бидат поинформирани односно со неколку страници да ја добијат претставата за целокупната работа на Агенцијата во претходната година. Во таа насока рече дека сега тоа е запазено и народните избраници ќе бидат подобро информирани кога ќе биде на Дневен ред во Собрание. Се согласува со констатациите што ги кажаа г-дин Петрушевски и г-дин Ајдини дека Извештајот е детален и искажува како АВМУ работела во 2021-та година. Во врска со изборниот мониторинг рече дека е детално изработен со приказ на сите можни моменти што претходеа и го следеа самиот изборен процес. Од аспект на она што беше условно кажано за проблематичноста на изборната регулатива рече дека тоа е долгогодишна „рак рана“ и сѐ уште не може да се добие Закон по мерка на сите, пред сѐ во однос на тоа да има еднаков пристап за сите учесници во изборниот процес независно дали се директни или пак монитори. Точно е дека е добро сработено и дека добро се работи на планот на медиумската писменост и така и треба да се продолжи пред сѐ ако се земе предвид дека граѓаните секојдневно се соочуваат со напливот на пропаганда, дезинформации и нецелосни информации. Ќе биде добро медиумската писменост да биде одомаќена во секое семејство во државата и на тој план не само АВМУ туку и целото општество има многу работа. Како пример ја зема војната во Украина каде што на светско, на глобално ниво има условно речено една „битка“ да се неутрализира пропагандата за да не биде во прв план при изнесувањето на информациите, иако честопати дискутирале дека во војна вистината загинува прва, а контрадикторните информации секогаш ќе ги има на претек. Го поздрави моментот што го има во последните две години, а тоа е деталниот извештај за медиумската сопственост што е уште еден добар чекор на АВМУ за транспарентноста на работата и на сопственоста на медиумите. На крајот се изјасни дека ќе даде поддршка на Нацрт-верзијата бидејќи целиот извештај е добро сработен и ги опишува сите активности на Агенцијата и Советот.

Советот на Агенцијата едногласно го одобри Нацрт-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, со текст како што беше предложен.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека останува можноста до усвојување на финалната верзија доколку сметаат да достават забелешки и предлози за да службата има време да ги вгради. Потоа Извештајот ќе биде доставен до Собрание, а интенцијата на Агенцијата е да биде сработен најдобро што може.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка на операторот АЛТРА - САТ од Охрид за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека кај овој радиодифузер со надзор е констатирано дека реемитува 4 програмски сервиси за кои што Агенцијата нема издадено потврда за регистрација. Бидејќи претходно нема изречено мерка, се предлага јавна опомена и да му се наложи веднаш по приемот на решението да ги исклучи каналите по што следува контролен надзор за да се види дали постапил по изречената мерка, доколку не ќе се предложи покренување на прекршочна пријава.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-989/1 од 14.03.2022 година и едногласно заклучи на операторот Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на општина Охрид, на 10.03.2022 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „RTR Planeta“, „Russia 24“, „Al Jazeera“ и „DM Sat“ кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТВ ДУЕ за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека станува збор за контролен надзор врз основа на претходно констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми односно неисполнување на обврската за објавување импресум во емисиите. Со контролниот надзор е констатирано дека продолжува прекршувањето кај 4 емисии. Со оглед на фактот дека контролниот надзор е направен во 2022 година согласно Заклучокот на Советот повторно се предлага изрекување на јавна опомена со рок на усогласување од 15 дена по што повторно ќе се направи контролен надзор.

Г-дин Ајдини постави прашање до помошник раководителката Петреска Камењарова, бидејќи секторот контактира со радиодифузерите, дали за овој случај во меѓувреме е контактирано со ТВ ДУЕ, со тоа што на 27.12.2021 година веќе е пратена јавна опомена до нив? Рече не верува дека за таква минорна грешка би добиле и прекршочна пријава. Смета дека не знаат дека доколку не се коригираат вториот пат ќе добијат прекршочна пријава.

Помошник раководителката Петреска Камењарова одговори дека не би требало да не знаат со оглед на фактот дека станува збор за радиодифузер кој постои долго време. Впрочем уште пред да се достави до Советот предлог за изрекување мерка секој радиодифузер е контактиран и дадена му е можност да се произнесе како и зошто настанало тоа прекршување. Тоа кај ТВ ДУЕ и во претходниот случај и сега е направено но одговор како што може да се види од доставените материјали нема. Што се случува со радиодифузерот не знае, но би требало медиумот да знае бидејќи ова не е нов член од Законот ниту нова обврска.

Г-дин Ајдини рече дека радиодифузерите му се јавуваат на него за обични работи од што може да се претпостави дека всушност не го знаат Законот. Од таа причина рече дека е добро да се контактираат и усно да им се каже дека доколку уште еднаш ја направат во оваа година истата грешка ќе добијат прекршочна пријава.

Помошник раководителката Петреска Камењарова објасни дека граѓаните се обврзани и како физички и како правни лица да работат согласно законите кои ја регулираат нивната област, така што и радиодифузерите треба да го знаат ЗААВМУ. Не знае зошто ТВ ДУЕ одлучиле да бидат небрежни во поглед на обврската на член 14 од Законот за медиуми.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-807/1 од 25.02.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 18 февруари 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, и во согласност со точката 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на софтвер на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ. Објасни дека набавката се спроведува со цел да се создадат услови за спроведување надзор над сите радиодифузери и ОЈЕКМ согласно законите кои ја уредуваат нивната работа. Според износот на средствата кои се предвидени ќе се спроведе како отворена постапка а Договорот кој ќе произлезе од оваа набавка ќе биде со времетраење од 2 години. Сите податоци за точката се содржани во материјалите кои се доставени за седницата.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е неопходна набавка за систем кој чини околу 900 иљјади евра а делот кој треба да се одржува е некаде половина од оваа сума. Се надева дека ќе се јават повеќе понудувачи, дека ќе се избере најдобриот и дека следните 2 години Агенцијата ќе биде безбедна за да софтверот продолжи да работи како што треба. Бидејќи ова е основна дејност на Агенцијата оваа набавка е неопходна и ќе ја поддржи онака како што ја предложила службата. Како што вели г-дин Трајчев работата на Советот е да ја одобрат набавката а во однос на содржината Агенцијата самостојно си работи како ќе ја направи техничката спецификација.

Г-дин Трајчев рече дека Советот треба да се грижи за јавните пари и како тие се трошат. Точно е дека Советот дава само одобрение за јавната набавка но сепак може да дадат одредени коментари. Со оглед на тоа што се спомна сумата на вредноста на софтверот праша дали вообичаено доколку сумата е 900 иљјади евра, а гледа дека за набавката е околу 60 иљјади евра што е 6-7% од вредноста, дали тоа е вообичаено?

Г-дин Петрушевски објасни дека доаѓа отприлика 10%.

Г-дин Трајчев праша дали Агенцијата има нејзин софтвер кој што претходно е набавен и побара објаснување во таа насока.

Г-дин Петрушевски објасни дека основниот софтвер е на фирмата која што го произвела ама доволно е отворен доколку сака друг да го работи. Наведе дека 100% не е на Агенцијата затоа што има модули што не се специјално правени за АВМУ, тоа што е правено само за Агенцијата е нејзино.

Г-дин Трајчев праша дали може да се јават и други фирми за да се обезбеди конкуренција, да може барањата што се наведени да ги исполни не само фирмата која го испорачала софтверот туку и други за да се добие конкуренција на пазарот.

Г-дин Трајчевски објасни дека претходно имаше по строги критериуми а оваа година се полиберални. Објасни дека до сега не само фирмата која што го изработи софтверот туку набавката ја доби и различна фирмата. Сега во оваа јавна набавка условите се по либерални за да можат уште повеќе фирми да се учествуваат.

Г-дин Петрушевски рече лично очекува 2 фирми најмалку да се јават.

Г-дин Трајчев рече дека работата на Советот е да укаже при изготвување на спецификацијата да се внимава за да се обезбеди поголема конкуренција и да се добие најефикасен начин на користење на средствата.

Г-дин Петрушевски објасни дека станува збор за две годишен договор од кој произлегува 5% од вредноста годишно, што е многу добра сума бидејќи знае да оди и до 20%, толку е по Закон.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на софтвер на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување на софтвер на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2023 година.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-1036/6**

**29.03 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**